РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Јане Сандански 109а, 1000 Скопје
тел: 24 03 676;    факс: 23 44 677

До

**ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ, УВОЗНИЦИТЕ И ЗАСТАПНИЦИТЕ-УВОЗНИЦИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КХБМ**
**К**омисија - (**А**дминистративно **Т**ело) за **Х**омологација при **Б**иро за **М**етрологија

Деловоден број: **2004-2559**
Дата:/ Час: 19.09.2008/ 14:30
Предмет: Известување за влегување на сила на одредени ЕЕС правилници од 01.10.2008 година

Комисијата за хомологација при Бирото за метрологија на седница одржана на 18.09.2008 година го дава следното:

**ИЗВЕСТУВАЊЕ БР. 8**

**во врска со влегувањето на сила на одредени ЕЕС правилници од Прилог 2 на Правилникот за пуштање на пазарот и ставање во употреба на моторни возила, приклучни возила, опрема и делови кои можат да се вградат и/или да се користат на нив („Сл. весник на РМ“ бр. 134/06, 9/07, 156/07 и 42/08)**

Според Прилог 2 од Правилникот за изменување на **Правилникот за пуштање на пазарот и ставање во употреба на моторни возила, приклучни возила, опрема и делови кои можат да се вградат и/или да се користат на нив („Сл. весник на РМ“ бр. 134/06 и 9/07), од** 01.10.2008 година во Република Македонија влегуваат на сила понови ЕЕС правилници за исполнување на суштествените барања на возилата, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или да се користат на нив.

Со ова известување ги потсетуваме сите инволвирани страни во процесите на хомологација дека е потребно при своето делување да превземат активности за благовремено прилагодување кон новите барања од ЕЕС правилниците.

Доставено и до:
-Сектор за внатрешен пазар

ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА
Рок: Веднаш по усвојувањето и потпишувањето
Известувањето задолжително да го потпишат: Претседателот на Комсијата и директорот на БМ

ЛД/ДП

Претседател на КХБМ,
Проф.д-р Миле Димитровски

Директор на БМ,
Пеце Ристевски